Пред 22 години, на **14 декември 1993 година** се одржа основачкото собрание на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Задачите на новата организација беа да гради долготрајни односи на соработка со организациите кои имаат слични цели, во земјата и во странство; да изгради сопствена структура; да ја информира македонската и меѓународната јавност за развојот и развојните потреби во Македонија и за сопствената работа и работата на организациите со кои соработува. Така се ставени темелите на организацијата која се разви како **независна, граѓанска, не за профит организација, подготвена да се соочи со предизвиците и да креира модели или алтернативи за решавање на проблемите**.



После 22 години, растежот и промените се воочливи. МЦМС се гордее со промените, особено што тие водат кон добри резултати. Промените се дел од мисијата на МЦМС - да предводи и поттикнува промени, да нуди нови и алтернативни решенија на општествените проблеми.

Во овие 22 години работа, **вредностите, луѓето и резултатите** беа главните столбови на организацијата.

Една од вредностите што ја практикува МЦМС, што ја промовира постојано и која што е дел од успехот е **доброто управување**. Управните структури на МЦМС „**се уникатна платформа за дијалог и соработка на различни интересни групи во Македонија**“. МЦМС ги воспоставува примерите со надеж дека тие ќе бидат инспирација за други организации и институции, затоа што за МЦМС таа е дел од успехот.

Голем дел од успехот на МЦМС се должи на луѓето и тоа не само на луѓето што директно биле вклучени во активностите, туку и на луѓето кои биле тука за да го пренесат своето искуство и да ја дадат својата поддршка. „Работењето со МЦМС“, како што рече еден од долгогодишните партнери „**е да соработуваш со организација џин, а никогаш да не се почувствуваш како џуџе**
“. Затоа, успехот на МЦМС е успех на сите што на било каков начин биле вклучени во неговата работа.

И на крај резултатите. Тие се последица на вредностите и на луѓето, се разбира и на низа други фактори како што е на пример културата на напорна работа и вербата дека резултатите не можат да изостанат ако сите доволно се потрудат.

**За уште многу добри резултати и нови успеси – среќен роденден!**